Агенција за пошти

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Бр. 02-124/9
21.04. 2026 год.
СКОПЈЕ

Агенцијата за пошти Скопје, врз основа на член 50 став (3) од Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија„ бр.158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016, 64/2018, 248/2018, 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 275/2019, 150/2021, 227/2022, 284/2023, 224/2024 и 37/2025) во предметот за АД Пошта на Северна Македонија Скопје – во државна сопственост Скопје, за промена на цените на поштенските услуги од опфатот на универзалната услуга, на 21.04.2026 година го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

I. СЕ УВАЖУВА барањето за промена на цените на поштенски услуги во внатрешниот поштенски сообраќај за пратки за коресподенција, за мал пакет, за печатени работи, за директна пошта, и за пакет, сите во опфатот на универзалната услуга, на АД за поштенски сообраќај ПОШТА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА во државна сопственост – Скопје.

II. СЕ ОДОБРУВААТ цените за основни поштенски услуги за писмо, стандардизирано и нестандардизирано, во четири тежински стапки:

II.1. Цена од 43,00 денари, за Стандардизирано писмо , со маса до 50 грама.
II.2. Цена од 43,00 денари, за Нестандардизирано писмо , со маса до 50 грама.
II.3. Цена од 58,00 денари, за Нестандардизирано писмо , со маса над 50 до 100 грама.
II.4. Цена од 72,00 денари, за Нестандардизирано писмо , со маса над 100 до 250 грама.
II.5. Цена од 96,00 денари, за Нестандардизирано писмо , со маса над 250 до 500 грама.

III. Цените за основни поштенски услуги за нестандардизирано писмо во последните две тежински стапки од 500 до 1000 гр. од 128,00 денари и од 1000 до 2000 гр од 176 денари, не се менуваат.

IV. СЕ ОДОБРУВААТ цените за основни поштенски услуги за поштенска картичка, стандардизирана и нестандардизирана:

IV.1. Цена од 19,00 денари за Стандардизирана картичка .
IV.2. Цена од 19,00 денари за Нестандардизирана картичка .

V. СЕ ОДОБРУВААТ цените за основни поштенски услуги за мал пакет, во сите четири тежински стапки:

V.1. Цена од 72,00 денари за Мал пакет, со маса над 100 до 250 грама.
V.2. Цена од 96,00 денари за Мал пакет , со маса над 250 до 500 грама
V.3. Цена од 128,00 денари за Мал пакет, со маса над 500 до 1.000 грама.
V.4. Цена од 176,00 денари за Мал пакет, со маса над 1.000 до 2.000 грама.

VI. СЕ ОДОБРУВААТ цените за основни поштенски услуги за печатени работи (книги, каталози, весници и периодични списанија) , во сите шест тежински стапки :

VI.1.Цена од 22,00 денари за Печатени работи , со маса до 50 грама.
VI.2.Цена од 29,00 денари за Печатени работи , со маса над 50 до 100 грама.
VI.3.Цена од 36,00 денари за Печатени работи, со маса над 100 до 250 грама.
VI.4.Цена од 48,00 денар за Печатени работи, со маса над 250 до 500 грама.
VI.5.Цена од 64,00 денари за Печатени работи, со маса над 500 до 1.000 грама.

VI.6. Цена од 88,00 денари за Печатени работи, со маса над 1.000 до 2.000 грама.

VII. СЕ ОДОБРУВААТ цените за поштенските услуги за Директна пошта, во сите пет тежински стапки :

VII.1.Цена од 22,00 денари за Директна пошта, со маса до 50 грама.
VII.2.Цена од 29,00 денари за Директна пошта , со маса над 50 до 100 грама.
VII.3.Цена од 36,00 денари за Директна пошта , со маса над 100 до 250 грама.
VII.4.Цена од 48,00 денари за Директна пошта, со маса над 250 до 500 грама.
VII.5.Цена од 64,00 денари за Директна пошта, со маса над 500 до 1.000 грама.

VIII. СЕ ОДОБРУВА цена од 65,00 денари за ракување со препорачана пратка. Цената за препорачано ракување од 65,00 денари се додава на цените за основната услуга за писмо од т.II и т.III, за поштенска картичка од т.IV, за мал пакет од т.V и за печатени работи од т.VI, од ова Решение. На овој начин формирани, се одобруваат цените за поштенските услуги за препорачани пратки, во секоја од тежинските стапки:

VIII.1.Цена од 108,00 денари за Стандардизирано писмо - препорачано, со маса до 50 грама.
VIII.2.Цена од 108,00 денари за Нестандардизирано писмо - препорачано, со маса до 50 грама.
VIII.3.Цена од 123,00 денари за Нестандардизирано писмо - препорачано,со маса над 50 до 100 гр.
VIII.4.Цена од 137,00 денари за Нестандардизирано писмо - препорачано, со маса над 100 до 250 гр.
VIII.5.Цена од 161,00 денар за Нестандардизирано писмо - препорачано, со маса над 250 до 500 гр.
VIII.6.Цена од 193,00 денари за Нестандардизирано писмо - препорачано,со маса над 500 до 1.000гр.
VIII.7. Цена од 241,00 денар за Нестандардизирано писмо - препорачано, со маса над 1.000 до 2.000 грама.
VIII.8. Цена од 84,00 денари за Стандардизирана картичка - препорачано.
VIII.9. Цена од 84,00 денари за Нестандардизирана картичка - препорачано.

VIII.10. Цена од 137,00 денари за Мал пакет - препорачано, со маса над 100 до 250 грама.
VIII.11. Цена од 161,00 денари за Мал пакет - препорачано, со маса над 250 до 500 грама.
VIII.12. Цена од 193,00 денари за Мал пакет - препорачано, со маса над 500 до 1.000 грама
VIII.13. Цена од 241,00 денар за Мал пакет - препорачано, со маса над 1.000 до 2.000 грама

VIII.14.Цена од 87,00 денари за Печатени работи - препорачано, со маса до 50 гр.
VIII.15.Цена од 94,00 денари за Печатени работи - препорачано, со маса над 50 до 100 гр.
VIII.16.Цена од 101,00 денари за Печатени работи - препорачано, со маса над 100 до 250 гр.
VIII.17.Цена од 113,00 денар за Печатени работи - препорачано, со маса над 250 до 500 гр.
VIII.18.Цена од 129,00 денари за Печатени работи - препорачано, со маса над 500 до 1.000 гр.
VIII.19. Цена од 153,00 денар за Печатени работи - препорачано, со маса над 1.000 до 2.000 грама.

IX. СЕ ОДОБРУВА цена од 108,00 денари за ракување со писмо со означена вредност. Цената за ракување со писмо со означена вредност од 108,00 денари се додава на цената за основната услуга за писмо од т.II и т.III од ова Решение. На овој начин формирани, се одобруваат цените за поштенската услуга писмо со означена вредност стандардизирано и нестандардизирано, во секоја од шестте тежински стапки:

IX.1.Цена од 151,00 денар за Стандардизирано писмо - со означена вредност, со маса до 50 грама.
IX.2.Цена од 151,00 денар за Нестандардизирано писмо - со означена вредност, со маса до 50 грама.
IX.3.Цена од 166,00 денари за Нестандардизирано писмо - со означена вредност, со маса над 50 до 100 гр.
IX.4.Цена од 180,00 денари за Нестандардизирано писмо - со означена вредност, со маса над 100 до 250 грама.

IX.5.Цена од 204,00 денари за Нестандардизирано писмо - со означена вредност, со маса над 250 до 500 грама.
IX.6.Цена од 236,00 денари за Нестандардизирано писмо - со означена вредност, со маса над 500 до 1.000 грама.
IX.7. Цена од 284,00 денари за Нестандардизирано писмо - со означена вредност, со маса над 1.000 до 2.000 грама.

X. СЕ ОДОБРУВААТ цените за поштенските услуги за Пакет, во сите три тежински стапки:
X.1. Цена од 202,00 денари за Пакет, со маса до 2 килограми.
X.2. Цена од 252,00 денар за Пакет, со маса над 2 до 5 килограми.
X.3. Цена од 302,00 денари за Пакет, со маса над 5 до 10 килограми.

XI. СЕ ОДОБРУВА цена од 43,00 денари за ракување со пакет со означена вредност. Цената за ракување со пакет со означена вредност од 43,00 денари се додава на цената за услугата за пакет во секоја од трите тежински стапки. На овој начин формирани, се одобруваат цените за поштенската услуга за пакет со означена вредност:
XI.1. Цена од 245,00 денари за Пакет, со маса до 2 килограми.
XI.2. Цена од 295,00 денар за Пакет, со маса над 2 до 5 килограми.
XI.3. Цена од 345,00 денари за Пакет, со маса над 5 до 10 килограми.

XII. СЕ ОДОБРУВААТ цените по вредност за пакет во трите стапки од вредносната скала изразена во денари. Цените по вредност за пакет соодветно на декларираната вредност на пакетот се додаваат на цената за пакет со означена вредност во секоја од трите тежински стапки:
XII.1. Цена по вредност од 30,00 денари, за вредност означена на пакетот до 1.000 денари,
XII.2. Цена од 3% од вредноста, за вредност означена на пакетот од 1.000 до 10.000 денари.
XII.3. Цена по вредност од 300,00 денари, за вредност означена на пакетот над 10.000 денари.

XIII. Цените на поштенски услуги за секограми-пратки за слепи лица во двете тежински стапки до 50 грама и од 50 до 7000 грама, не се менуваат и остануваат бесплатни.

XIV. СЕ УВАЖУВА барањето за промена на цените на поштенски услуги во меѓународниот поштенски сообраќај за пратки за коресподенција, за мал пакет и за печатени работи, сите во опфатот на универзалната услуга, на АД за поштенски сообраќај ПОШТА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА во државна сопственост – Скопје.

XV. СЕ ОДОБРУВААТ цените на основни поштенски услуги за писмо во меѓународен поштенски сообраќај, стандардизирано и нестандардизирано, во сите шест тежински стапки и во сите пет зони на оддалеченост:
XV.1. Цена од 88,00 денари, за Стандардизирано писмо, со маса до 50 грама.

За прва зона-Соседни земји и за втора зона -Европа:
XV.2. Цена од 88,00 денари, за Нестандардизирано писмо, со маса до 50 грама.
XV.3. Цена од 126,00 денари, за Нестандардизирано писмо, со маса над 50 до 100 грама.

XV.4. Цена од 252,00 денари, за Нестандардизирано писмо, со маса над 100 до 250 грама.
XV.5. Цена од 360,00 денари, за Нестандардизирано писмо, со маса над 250 до 500 грама.
XV.6. Цена од 690,00 денари, за Нестандардизирано писмо, со маса над 500 до 1.000 грама.
XV.7. Цена од 1.338,00 денари, за Нестандардизирано писмо, со маса над 1.000 до 2.000 грама.

За трета зона-Останати Европски земји, за четврта зона-Австралија и Нов Зеланд и за петта зона-Останати земји од светот:
XV.8. Цена од 99,00 денари, за Нестандардизирано писмо, со маса до 50 грама.
XV.9. Цена од 144,00 денари, за Нестандардизирано писмо, со маса над 50 до 100 грама.
XV.10. Цена од 294,00 денари, за Нестандардизирано писмо, со маса над 100 до 250 грама.
XV.11. Цена од 408,00 денари, за Нестандардизирано писмо, со маса над 250 до 500 грама.
XV.12. Цена од 786,00 денари, за Нестандардизирано писмо, со маса над 500 до 1.000 грама.
XV.13. Цена од 1.542,00 денари, за Нестандардизирано писмо, со маса над 1.000 до 2.000 грама

XVI. СЕ ОДОБРУВААТ цените за основни поштенски услуги за поштенска картичка во меѓународен поштенски сообраќај, стандардизирана и нестандардизирана:
XVI.1. Цена од 88,00 денари за Стандардизирана картичка.
XVI.2. Цена од 88,00 денари за Нестандардизирана картичка.

XVII. СЕ ОДОБРУВААТ цените за основни поштенски услуги за мал пакет во меѓународен поштенски сообраќај, во сите пет тежински стапки и во сите пет зони на оддалеченост:

За прва зона-Соседни земји и за втора зона -Европа:
XVII.1. Цена од 126,00 денари за Мал пакет, со маса до 100 грама
XVII.2. Цена од 252,00 денари за Мал пакет, со маса над 100 до 250 грама.
XVII.3. Цена од 360,00 денари за Мал пакет , со маса над 250 до 500 грама
XVII.4. Цена од 690,00 денари за Мал пакет, со маса над 500 до 1.000 грама.
XVII.5. Цена од 1.338,00 денари за Мал пакет, со маса над 1.000 до 2.000 грама.

За трета зона-Останати Европски земји, за четврта зона-Австралија и Нов Зеланд и за петта зона-Останати земји од светот:
XVII.6. Цена од 144,00 денари за Мал пакет, со маса до 100 грама
XVII.7. Цена од 294,00 денари за Мал пакет, со маса над 100 до 250 грама.
XVII.8. Цена од 408,00 денари за Мал пакет , со маса над 250 до 500 грама
XVII.9. Цена од 786,00 денари за Мал пакет, со маса над 500 до 1.000 грама.
XVII.10. Цена од 1,542,00 денари за Мал пакет, со маса над 1.000 до 2.000 грама.

XVIII. СЕ ОДОБРУВААТ цените за основни поштенски услуги за печатени работи (книги, каталози, весници и периодични списанија) во меѓународен поштенски сообраќај во сите шест тежински стапки и во сите пет зони на оддалеченост:
За прва зона-Соседни земји и за втора зона -Европа:
XVIII.1.Цена од 64,00 денари за Печатени работи, со маса до 50 грама.
XVIII.2.Цена од 84,00 денари за Печатени работи, со маса над 50 до 100 грама.
XVIII.3.Цена од 180,00 денари за Печатени работи, со маса над 100 до 250 грама.
XVIII.4.Цена од 354,00 денар за Печатени работи, со маса над 250 до 500 грама.
XVIII.5.Цена од 682,00 денари за Печатени работи, со маса над 500 до 1.000 грама.
XVIII.6. Цена од 1.344,00 денари за Печатени работи, со маса над 1.000 до 2.000 грама.

За трета зона-Останати Европски земји, за четврта зона-Австралија и Нов Зеланд и за петта зона-Останати земји од светот:
XVIII.7.Цена од 68,00 денари за Печатени работи, со маса до 50 грама.
XVIII.8.Цена од 90,00 денари за Печатени работи, со маса над 50 до 100 грама.
XVIII.9.Цена од 204,00 денари за Печатени работи, со маса над 100 до 250 грама.
XVIII.10.Цена од 400,00 денар за Печатени работи, со маса над 250 до 500 грама.
XVIII.11.Цена од 774,00 денари за Печатени работи, со маса над 500 до 1.000 грама.
XVIII.12.Цена од 1.518,00 денари за Печатени работи, со маса над 1.000 до 2.000 грама.

XIX. СЕ ОДОБРУВА цена од 177,00 денари за ракување со препорачана пратка во меѓународен поштенски сообраќај. Цената за препорачано ракување од 177,00 денари се додава на цените за основните услуги за писмо-нестандардизирано од т.XV , за мал пакет од т.XVII, за печатени работи од т.XVIII и за поштенска картичка од т.XVI од ова Решение. На овој начин формирани, се одобруваат цените за поштенските услуги за препорачани пратки, во секоја од тежинските стапки и во сите пет зони на оддалеченост:

За прва зона-Соседни земји и за втора зона -Европа:
XIX.1. Цена од 265,00 денари, за Нестандардизирано писмо-препорачано, со маса до 50 грама.
XIX.2. Цена од 303,00 денари, за Нестандардизирано писмо-препорачано, со маса над 50 до 100 гр.
XIX.3. Цена од 429,00 денари, за Нестандардизирано писмо-препорачано, со маса над 100 до 250 гр.
XIX.4. Цена од 537,00 денари, за Нестандардизирано писмо-препорачано, со маса над 250 до 500 гр.
XIX.5. Цена од 867,00 денари,за Нестандардизирано писмо-препорачано,со маса над 500 до 1.000 гр.
XIX.6. Цена од1.515,00 ден.за Нестандардизирано писмо-препорачано, со маса над 1.000 до 2.000 гр.

За трета зона-Останати Европски земји, за четврта зона-Австралија и Нов Зеланд и за петта зона-Останати земји од светот:
XIX.7. Цена од 276,00 денари, за Нестандардизирано писмо-препорачано, со маса до 50 грама.
XIX.8. Цена од 321,00 денар, за Нестандардизирано писмо-препорачано, со маса над 50 до 100 гр.
XIX.9. Цена од 471,00 денар, за Нестандардизирано писмо-препорачано, со маса над 100 до 250 гр.
XIX.10. Цена од 585,00 денари,за Нестандардизирано писмо-препорачано, со маса над 250 до 500 гр.
XIX.11. Цена од 963,00 ден., за Нестандардизирано писмо-препорачано ,со маса над 500 до 1.000 гр.
XIX.12. Цена од 1.719,00 денари, за Нестандардизирано писмо, со маса над 1.000 до 2.000 гр.

За прва зона-Соседни земји и за втора зона -Европа:
XIX.13. Цена од 303,00 денари за Мал пакет-препорачано, со маса до 100 грама
XIX.14. Цена од 429,00 денари за Мал пакет-препорачано, со маса над 100 до 250 грама.
XIX.15. Цена од 537,00 денари за Мал пакет-препорачано , со маса над 250 до 500 грама
XIX.16. Цена од 867,00 денари за Мал пакет-препорачано, со маса над 500 до 1.000 грама.
XIX.17. Цена од 1.515,00 денари за Мал пакет-препорачано, со маса над 1.000 до 2.000 грама.

За трета зона-Останати Европски земји, за четврта зона-Австралија и Нов Зеланд и за петта зона-Останати земји од светот:
XIX.18. Цена од 321,00 денар за Мал пакет-препорачано, со маса до 100 грама
XIX.19. Цена од 471,00 денар за Мал пакет-препорачано, со маса над 100 до 250 грама.
XIX.20. Цена од 585,00 денари за Мал пакет-препорачано , со маса над 250 до 500 грама
XIX.21. Цена од 963,00 денари за Мал пакет-препорачано, со маса над 500 до 1.000 грама.
XIX.22. Цена од 1,719,00 денари за Мал пакет-препорачано, со маса над 1.000 до 2.000 грама.

За прва зона-Соседни земји и за втора зона -Европа:

XIX.23. Цена од 241,00 денар за Печатени работи-препорачано, со маса до 50 грама.
XIX.24. Цена од 261,00 денар за Печатени работи-препорачано, со маса над 50 до 100 грама.
XIX.25. Цена од 357,00 денари за Печатени работи-препорачано , со маса над 100 до 250 грама.
XIX.26. Цена од 531,00 денар за Печатени работи- препорачано, со маса над 250 до 500 грама.
XIX.27. Цена од 859,00 денари за Печатени работи- препорачано, со маса над 500 до 1.000 грама.
XIX.28. Цена од 1.511,00 денари за Печатени работи- препорачано, со маса над 1.000 до 2.000 грама.

За трета зона-Останати Европски земји, за четврта зона-Австралија и Нов Зеланд и за петта зона-Останати земји од светот:
XIX.29. Цена од 245,00 денари за Печатени работи -препорачано, со маса до 50 грама.
XIX.30. Цена од 267,00 денари за Печатени работи-препорачано, со маса над 50 до 100 грама.
XIX.31. Цена од 381,00 денари за Печатени работи- препорачано, со маса над 100 до 250 грама.
XIX.32. Цена од 577,00 денари за Печатени работи-препорачано, со маса над 250 до 500 грама.
XIX.33. Цена од 951,00 денар за Печатени работи-препорачано, со маса над 500 до 1.000 грама.
XIX.34. Цена од 1.695,00 денари за Печатени работи-препорачано, со маса над 1.000 до 2.000 грама.

Единствена зона-сите земји во светот:
XIX.35. Цена од 265,00 денари за Поштенска картичка- препорачано.

XX. СЕ ОДОБРУВА цена од 198,00 денари за ракување со писмо со означена вредност во меѓународен поштенски сообраќај. Цената за ракување со писмо со означена вредност во меѓународен поштенски сообраќај од 198,00 денари се додава на цената за основната услуга за писмо-нестандардизирано од т.XV од ова Решение. На овој начин формирани, се одобруваат цените за поштенската услуга писмо со означена вредност - нестандардизирано, во секоја од шестте тежински стапки и во сите пет зони на оддалеченост:

За прва зона-Соседни земји и за втора зона -Европа:
XX.1. Цена од 286,00 денари, за Нестандардизирано писмо-со означена вредност, со маса до 50 гр.
XX.2. Цена од 324,00 денари, за Нестандардизирано писмо-со означена вредност, со маса над 50 до 100 грама.
XX.3. Цена од 450,00 денари, за Нестандардизирано писмо-со означена вредност, со маса над 10 до 250 грама.
XX.4. Цена од 558,00 денари, за Нестандардизирано писмо-со означена вредност, со маса над 250 до 500 грама.
XX.5. Цена од 888,00 денари, за Нестандардизирано писмо-со означена вредност, со маса над 500 до 1.000 грама.
XX.6. Цена од 1.536,00 денари, за Нестандардизирано писмо-со означена вредност, со маса над 1.000 до 2.000 грама.

За трета зона-Останати Европски земји, за четврта зона-Австралија и Нов Зеланд и за петта зона-Останати земји од светот:
XX.7. Цена од 297,00 денари, за Нестандардизирано писмо-со означена вредност, со маса до 50 гр.
XX.8. Цена од 342,00 денари, за Нестандардизирано писмо-со означена вредност, со маса над 50 до 100 грама.
XX.9. Цена од 492,00 денари, за Нестандардизирано писмо-со означена вредност, со маса над 100 до 250 грама.
XX.10.Цена од 606,00 денари, за Нестандардизирано писмо-со означена вредност, со маса над 250 до 500 грама.
XX.11. Цена од 984,00 денари, за Нестандардизирано писмо-со означена вредност, со маса над 500 до 1.000 грама.

XX.12. Цена од 1.740,00 денари, за Нестандардизирано писмо-со означена вредност, со маса на 1.000 до 2.000 грама.

XXI. СЕ ОДОБРУВА цената по вредност за писмо со означена вредност во меѓународен поштенски сообраќај во двете стапки од вредносната скала изразена во меѓународна пресметковна единица DTS. Цената по вредност за писмо со означена вредност во меѓународен поштенски сообраќај, соодветно на на декларираната вредност на писмото се додаваат на цената за писмо со означена вредност-нестандардизирано во меѓународен поштенски сообраќај, во секоја од шесте тежински стапки од т.XX.1 до т.XX.12 од ова Решение:

XXI.1. Цена по вредност од 27,00 денари, за вредност означена на писмото за секои 65 DTS или дел од 65 DTS.

XXII. Цените за поштенски услуги за секограми-пратки за слепи лица со маса до 7 килограми, не се менуваат и остануваат бесплатни.

XXII.1. За секограмите кои се испраќаат по авионски превоз се пресметува дополнителна цена за авионски превоз на секои 10 грама од вкупната маса.

XXIII. СЕ ОДОБРУВААТ цените за авионски превоз на писмоносни пратки (пратки за коресподенција), печатени работи и мали пакети кои за секои 10 грама тежина се наплатуваат како дополнителна цена:

XXIII.1. Прва зона, 0 денари.

XXIII.2. Втора зона –Европа и трета зона- Останати земји во Европа, цена од 5,00 денари за секои 10 грама тежина.

XXIII.3. Четврта зона Австралија и Нов Зеланд и петта зона-Останати замји во светот, цена од 7,00 денари за секои 10 грама тежина.

XXIV. Цените за основните поштенски услуги за пакети во меѓународен поштенски сообраќај не се менуваат.

XXV. Цените на поштенските услуги одобрени со ова решение АД ПОШТА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА– Скопје ќе ги применува започнувајќи од 01.05.2026 година.

XXVI. СЕ ЗАДОЛЖУВА АД ПОШТА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА– Скопје најдоцна осум дена пред почетокот на примената да ги објави цените на поштенските услуги одобрени со ова решение, во два дневни весници кои се издаваат на целата територија на државата.

XXVII. СЕ ЗАДОЛЖУВА АД ПОШТА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА– Скопје да изготви пречистен текст на Ценовник на универзалната поштенска услуга во внатрешен и во меѓународен поштенски сообраќај и да го објави на својата веб страница, најдоцна осум дена пред почетокот на примената.

XXVIII. СЕ ЗАДОЛЖУВА АД ПОШТА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА–Скопје Ценовникот од точка XXVII

од ова решение да го објави на видно место во сите простории наменети за корисници на поштенски услуги и да го дава на увид на барање од корисници, започнувајќи од денот на примената.

XXIX. СЕ ЗАДОЛЖУВА АД ПОШТА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА– Скопје да ја дополни Номенклатурата на поштенски услуги од опсегот на универзалната услуга на начин што транспарентно и изрично ќе се пропишат пратките за кои е применлива поштенската услуга препорачано и во внатрешен и во меѓународен поштенски сообраќај, и да ја достави до Агенцијата за пошти најдоцна до 30.04.2026 година.

XXX. Ова решение влегува во сила на денот на донесувањето и ќе се објави на веб страницата на Агенцијата за пошти.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

АД за поштенски сообраќај ПОШТА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА во државна сопственост – Скопје, во својство на давател на универзалната услуга, на 06.03.2026 година до Агенцијата за пошти поднесе Барање за зголемување на цените на услуги во внатрешен и во меѓународен поштенски сообраќај кои се во опфатот на универзалната поштенска услуга под бр.0204-49/12, со докази. Подносителот на 06.03.2026, 16.04. и 20.04.2026 година го прецизира и образложи барањето дополнето со докази по однос на транспарентност на цените, според укажувањата од Агенцијата за пошти од 23.03. и 09.04.2026 година.

По комплетирање на барањето, се констатира дека Управниот одбор на АД ПОШТА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА– Скопје, врз основа на Заклучок од 26.02.2026 година и потоа со две Одлуки бр.0202-375/1 и бр.0202-376/1 двете од 26.03.2026, ги утврдил измените во Ценовникот на универзална услуга во меѓународниот и во внатрешниот поштенски сообраќај.

За внатрешниот поштенски сообраќај подносителот од Агенцијата за пошти побара одобрување на цените за три вида поштенски услуги основни, препорачани и со означена вредност за писмо, за цените за два вида поштенски услуги основни и препорачани за поштенска картичка, печатени работи и за мал пакет и цена за директна пошта. Исто така побарано е одобрување и за цените за два вида поштенски услуги основни и со означена вредност од категоријата пакет, при што во просек цените се зголемени за 20%.

За меѓународниот поштенски сообраќај подносителот од Агенцијата за пошти побара одобрување на цените за три вида поштенски услуги основни, препорачани и со означена вредност за писмо, за два вида поштенски услуги основни и препорачани за поштенска картичка, печатени работи и мал пакет, каде во просек зголемувањето на цените изнесува 20%.

Во барањето од подносителот согласно цитираните Одлуки од Управниот одбор за одредени категирии поштенски услуги во внатрешен поштенски сообраќај како, основните цени на услугите за писмо во двете последни тежински стапки остануваат непроменети, цените за секограми исто така остануваат непроменети и бесплатни, одредени цени за услуги се бришат заедно со услугата како што е гломезен пакет, додека за директна пошта бришана е сегментација на цените во зависност од бројот на еднократно прадени пратки. Во меѓународниот поштенски сообраќај, непроменети се цените за услугите за секограми кои остануваат бесплатни, а непроменети остануваат и цените за основните услуги за пакет и за услугата пакет со означена вредност .

Законитоста и основаноста на барањето, Агенцијата за пошти ги оценуваше со примена на следните прописи.

Согласно член 29 став (2) од Законот за поштенските услуги, универзалната услуга опфаќа: - прием, пренос, сортирање и дистрибуција на поштенски пратки со тежина до 2 кг, на пакети со тежина до 10 кг, на поштенски пратки за слепи лица и за лица со делумно оштетен вид, како и обезбедување на услуги за препорачани поштенски пратки и пратки со означена вредност.

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

Согласно член 50 став (1) од Законот за поштенските услуги ( натаму:ЗПУ), за секоја промена на цените за обезбедување на универзална услуга, давателот на универзална услуга е должен да побара одобрување до Агенцијата, образложено со анализа на трошоци, за да се утврди вистинската потреба од промената на цените, и истото да го докаже согласно ставот (2) од истиот член од ЗПУ.

Според член 50 став (8) од ЗПУ и член 2 и член 4 од Правилникот за методологија за формирање на цени за универзалната поштенска услуга (Службен весник на РМ“ бр.38/2009), цените за обезбедување на универзалната услуга треба да бидат пристапни за сите корисници независно од географското подрачје, базирани на трошоците за ефикасно обезбедување на универзална услуга, транспарентни и утврдени на недискриминаторска основа а за еднакви услуги да се еднакви на целата територија на Република Македонија.

Согласно член 50 став (3) од ЗПУ, во постапката по барањето, Агенцијата одлучува со решение во рок од 30 дена од денот на приемот на целосната документација.

Согласно членот 50 став (7) и став (5) од од ЗПУ, давателот на универзалната услуга е должен одобрените цени да ги објави во јавните гласила најмалку осум дена пред почетокот на примената, да ги објави на својата веб страница и во деловните простории наменети за корисници, како и да ги стави на корисниците на поштенските услуги на увид, по нивно барање. Одобрените цени за обезбедување на универзалната услуга давателот на универзалната услуга е должен да ги применува од првиот ден од наредниот месец кој следи по месецот во кој се одобрени од Агенцијата, како што е пропишано со ставот (6) од истиот член од ЗПУ.

Постапувајќи по предметот, Агенцијата за пошти утврди дека во барањето за одобрување на цените од опфатот на универзалната услуга во внатрешен и во меѓународен поштенски сообраќај, во насока на докажување на исполнување на критериумот за трошковна ориентираност на цените на универзалната услуга, подносителот користел алтернативен пристап, преку вклучување на соодноси со макроекономски варијабли, односно пресметка на генерални економски показатели – пораст на минималната плата во земјата.

Агенцијата за пошти ги зема во предвид и изврши соодветни проверки и анализи на сите доставени податоци заедно со образложението од списите во предметот. При тоа утврди дека подносителот АД Пошта Скопје, Барањето за зголемување на цените го образложил со промени во економските услови кои директно влијаат на трошоците за обезбедување на поштенските услуги, како и со зголемувањето на минималната плата во однос на 2023 година, кога е извршена и последната промена на цените на универзалната услуга. Поточно, подносителот образложил дека порастот на минималната плата во 2025 во однос на 2023 година е 20,83%, што предизвикува пораст на трошоците за плати (редовен работен однос, договорни поштари и договори на дело) поради фактот што платите учествуваат со 66.57% од вкупните расходи и влијаат на порастот на вкупните трошоци на друштвото.

Агенцијата за пошти констатира дека е неспорен фактот дека давателот на универзалната услуга бележи пад на обемот на поштенските услуги кој пад директно влијае и на падот на приходите и на пораст на трошоците согласно економските состојби во земјата. Порастот на трошоците по услуга (иако во оваа постапка недоволно аналитички-сметководствено докажан), секако дека ја оправдува потребата од промена на цените за универзалната услуга. Во недостаток на пресметки кои произлегуваат од целосна алокација на трошоците, Агенцијата за пошти го примени моделот на оценка на трошковна ориентираност на цените, кој се заснова на историски трошоци на кои се надоградуваат генерални економски показатели – пораст на минималната плата во земјата.

При тоа, со увид во списи од предметот 02-81/2023, и во историските податоци од декември 2022 година за трошоците кај давателот на универзалната услуга АД Пошта на Северна Македонија од последното барање за зголемување на основните цени за писмо од прва тежинска стапка од 25 на 36 денари, Агенцијата за пошти констатира дека, тогашното зголемување на основната цена за писмо е поткрепено со анализа на трошоци, нивна директна распределба и алокација со користење клучеви, со што давателот на универзалната услуга тогаш и ја докажал трошковна ориентираност на цените на универзалната услуга. Тогаш, во регулаторните проверки, Агенцијата за пошти утврдила дека просечниот трошок по писмо од прва тежинска стапка изнесува 35,88 денари со профитна маргина од 0,35% а дека просечниот трошок за целата

група од шест вида услуги од 50 грама до 2.000 грама во категоријата пратки за коресподенција (писма и поштенски картички) е значително поголема од нивната просечна цена.

На вака утврдена фактичка состојба, следуваше оценката на Агенцијата за пошти за тоа дека цените за над 92 % од услугите во опфатот од универзалната се трошковно засновани, базирано на методологијата историски докажан просечен трошок по услуга со ниска профитна маргина со вклучување на процентот на пораст на минималната плата од 2023 до денес, што би требало да го стимулира и ефикасното обезбедување на универзална услуга. Поради ова и потребата за зголемување на цените на сите поштенски услуги за писмо (со исклучок на основната цена за писмо во двете последни тежински стапки), но и за поштенска картичка, печатени работи, мал пакет, директна пошта и пакет во внатрешен поштенски сообраќај, е оправдана и основана, исто како и потребата зголемувањето на цените за писма, поштенска картичка, печатени работи и мал пакет во меѓународен поштенски сообраќај. Оценката за оправданоста на трошковната заснованост и основаноста на промената на цените на основните услуги од категоријата на пратки за коресподенција (писма и поштенски картички, основни, препорачани и со означена вредност) Агенцијата ја темели на клучните факти и тоа : дека просечниот трошок за оваа група услуги ( кои сочинуваат 99,7 % во 2023, 92,6% во 2024 и 86,17% во 2025 година, видно од Статистичките извештаи за поштенските услуги на Агенцијата за пошти за 2023, 2024 и за првото полугодие од 2025 година, од остварениот обем на услуги во опфат на универзалната) е утврден уште со Решение бр.02-81 од 20.01.2023 на Агенцијата за пошти, и дека таквиот трошок е значително поголем од нивната просечна цена. Агенцијата за пошти го зема во предвид и фактот дека за некои од останатите услуги историски не е докажан трошокот по единица услуга, како што е услугите за печатени работи во внатрешен сообраќај, кои услуги се повеќе од 10 години на истото ниво на цени. Но оцени дека пондерирањето на нивниот незначителен обем со вкупниот остварен обем на услуги во опфатот на универзалната е без забележливо влијание врз вкупниот трошок за универзалната и во случајот не го нарушува принципот на трошковна заснованост на цените. Истото се однесува и на услугите за пакет во внатрешен поштенски сообраќај.

Дополнително на сето ова, Агенцијата за пошти го ценеше и фактот дека од март 2026 година минималната плата во државата бележи пораст од дополнителни 6,9%, кои не се вкалкулирани во барањето ниту користени во пресметките изготвени од подносителот од февруари 2026, што објективно веќе од април 2026 има и во претстојниот период ќе има влијание врз зголемувањето на трошоците на подносителот.

За утврдување на фактот дека цените за кои се бара промена го задоволуваат принципот на пристапност утврден со Закон, давателот на универзалната услуга во своето барање доставил споредбени прегледи со земјите од соседството и земјите со слична географска и економска состојба. Споредбените прегледи ги вклучуваат основната цената на услугата од прва тежинска стапка за која се бара промена, споредбени прегледи на односот на цената од прва тежинска стапка и просечната плата во земјата, споредбени прегледи на односот на цената од прва тежинска стапка и бруто домашниот производ во земјата. Прегледите вклучуваат споредбени податоци со Србија, Црна Гора, Албанија, Косово, Хрватска, Босна и Херцеговина и Грција, за различни видови пратки и услуги. Од споредбените прегледи може да се констатира дека цените се во рамките на просекот на цените во земјите вклучени во споредбените прегледи, додека односот цена со просечна плата и бруто домашен производ варира за различни услуги, од во рамки на просекот до убедливо највисок во однос на просекот со земјите вклучени во споредбените прегледи.

Заради обезбедување неопходна транспарентност на крајните цени, кои за препорачани и за услуги со означена вредност се композитни (за сите пратки освен за директна пошта) што значи (основна цена по тежина+ракување со препорачана пратка или основна цена по тежина+ракување со пратка со означена вредност +цена по вредност од вредносна скала), Агенцијата за пошти во диспозитивот ги одобри номиналните крајни износи на цените за услугите кои се формирани по механизмот/ методологијата образложена од подносителот. При тоа, Агенцијата за пошти го ценеше за основано појаснувањето од подносителот по однос на механизмот на формирање на цената за ракување со препорачана пратка како износ кој одговара на коефициент од 1,5 од цената на основната услуга за писмо од прва тежинска стапка. Исто така ја оцени како основана и цената за ракување со пратка со означена вредност-за писмо, како износ кој одговара на коефициент од 2,5 од цената на основната услуга за писмо од прва тежинска стапка, наоѓајќи дека истиот механизам и коефициенти се користат и во постојните цени и практично и сега е непроменет како

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

методологија. По однос на начинот на формирање на цената на пакет со означена вредност, Агенцијата ја оцени како основана примената на механизмот (кој и досега се применувал) на формирање на цената за ракување со пакет со означена вредност, како износ кој одговара на коефициент од 1, од цената на основната услуга за писмо од прва тежинска стапка, со оглед дека во основната цена на услугата пакет во внатрешен сообраќај е веќе содржана и цена за ракување од коефициент 1,5 од цената на основната услуга за писмо од прва тежинска стапка. Од овие причини, Агенцијата за пошти смета дека е потребно во состав на пречистениот текст на Ценовникот јасно да се декларира начинот на формирање на крајната цена за секоја од услугите,транспарентно и разбирливо за крајните корисници.

Дополнително, Агенцијата за пошти оцени дека давателот на универзалната услуга е должен соодветно да ја измени и Номенклатура на поштенски услуги од опсегот на универзалната поштенска услуга, поточно да ја дополни на начин што транспарентно и изрично ќе се пропишат поштенските услуги за пратките за кои е применлива услугата препорачано и услугата со означена вредност и во внатрешен и во меѓународен поштенски сообраќај, и да ја достави до Агенцијата за пошти најдоцна до 30.04.2026 година, пред да стапат во примена цените одобрени со ова решение. Номенклатурата освен именување и опис на услугите, треба да содржи и параметар за брзина на достава за секоја од пропишаните услугите во опфатот на универзалната услуга.

Поради сите напред наведени причини, Агенцијата го оцени барањето од подносителот за основано и во согласност со барањата и принципите од член 50 став 8 од ЗПУ и одредбите од Правилникот за методологија на за формирање на цени на универзалната услуга, за трошковна ориентираност, за транспарентност, недискриминација и пристапност, поради што одлучи да ги одобри новите цените на поштенските услуги во внатрешниот и во меѓународниот поштенски сообраќај, сите во опфатот на универзалната услуга.

Согласно член 50 став (4) од Законот за поштенските услуги, Решението со кое Агенцијата за пошти одлучува по барањето на давателот на универзалната услуга за промена на цените за обезбедување на универзална услуга е конечно, а незадоволната страна има право да покрене постапка за управен спор пред надлежен суд.

Поради сето напред наведено, следуваше да се одлучи како во диспозитивот на ова Решение, а согласно член 50 став (8) од Законот за поштенските услуги.

**Правна поука**: Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување управен спор пред Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Директор,
Марина Тоневска

**бр. 02-124/9**

**21. 04. 2026 год.**